Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Shkup
Примено: 6.11.2026
Орг.Един. Број: 09-5/7
Прилози: Вредност:

УПРК.бр.7/2026

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Ана Герасимовска - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Ељмедине Асани - членови на советот, со записничар Ана Ѓорѓиевски – судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за обука на возачи и услуги АВТО ШКОЛА Здружение на возачи Ресен ДООЕЛ, поднесена преку полномошници д-р Валентин Пепељугоски и д-р Ана Пепељугоска, адвокати од Адвокатско друштво „Пепељугоски" од Скопје, против Решението бр.09-5/2 од 12.02.2026 година, на туженият орган Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, за сторен прекршок по член 11 став 1 и став 2 точка 6, а казниво по член 59 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, вредност на спорот – 750.000,00 денари, на јавната расправа одржана на ден 13.10.2026 година, во присуство на полномошникот на тужителот Ана Пепељугоска Стојкоска, адвокат од Адвокатско друштво „Пепељугоски" од Скопје и овластени лица на туженият орган Борче Размоски од Скопје, и Надица Четорошка од Скопје, согласно член 59 став 1 од Закон за управни спорови на ден 20.10.2026 година, донесе и јавно ја објави:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за обука на возачи и услуги АВТО ШКОЛА Здружение на возачи Ресен ДООЕЛ, поднесена против Решението бр.09-5/2 од 12.02.2026 година, на туженият орган Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоци во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, се утврдува дека тужителот – Друштво за обука на кандидати за возачи Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи – Ресен, во периодот од 27.01.2025 година до денот на донесувањето на решението, како претпријатие со доминантна полжба на релевантниот пазар, неоправдано и без објективна причина одбива да склучи договор за закуп и користење на сообраќаен автодром (полигон), со правното лице Друштво за услуги Сообраќаен испитен центар АМ ДООЕЛ Битола со што на подносителот му е оневозможен пристап до инфраструктурен објект од суштинско значење за вршење на дејноста и му е оневозможено да дејствува како конкурент на релевантниот пазар и со тоа сторило злоупотреба на доминантна положба спротивно на член 11 став 1 и став 2 точка 6, а казниво по член 59 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата. За сторениот прекршок на сторителот му се изрекува санкција - глоба во износ од 750.000,00 денари, што претставува 4,83% од вредноста на вкупниот годишен приход на сторителот остварен во 2024 година, како последна деловна година за која истото има составено годишна сметка. Глобата е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението соодветните уплатни сметки под страв од присилна наплата.

Незадоволен од вака донесеното решение, тужителот со тужба до овој Суд ја оспори законитоста на истото, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка

состојба и погрешна примена на Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за прекршоците, со предлог тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништи. Во тужбата е наведено дека туженият орган сторил суштествена повреда на постапката со недавање можност на тужителот да се одржи усна расправа што е во спротивност со основното начело на сослушување уредено со член 9 и 11 од Законот за општата управна постапка како и членот 42 од Законот за заштита на конкуренцијата кои начела треба да се почитуваат согласно член 6 од Европската конвенција за човековите права. Понатаму, тужителот наведува дека во конкретната постапка нема пасивна легитимација од причини што не е сопственик на предметниот сообраќаен полигон, бидејќи автодромот за обука на кандидати за возачи и спроведување на прв практичен дел од возачки испит на ул. Корчуланка бр.74 во Ресен, видно од ИЛ 56015 сопственик е Здружение на возачи – Ресен од Ресен, кое е посебен правен субјект. Тужителот наведува дека Комисијата за одлучување по прекршок погрешно го утврдила релевантниот географски пазар бидејќи го ограничила на општина Ресен, а всушност Општина Ресен спаѓа под надлежност на регионот Битола. Во оваа насока тужителот истакнува дека без оглед што е единствениот кој има одобрение за подрачјето на Општина Ресен на подрачјето на СВР Битола издадени се четири одобренија за исполнетост на услови за автосообраќаен полигон. Имено тужителот наведува дека иако е единствениот кој има одобрение за подрачјето на општина Ресен истиот може да има удел од 25%, а не 100% и тоа од причина што на подрачјето на СВР Битола има четири одобренија за исполнетост на услови за автосообраќаен полигон, па на вака дефиниран географски пазар не може да стане збор за злоупотреба на доминантна позиција. Исто така, тужителот смета и дека времетраењето на прекршокот е погрешно утврдено од причини што во решението се утврдува времетраење на прекршокот од 27.01.2025 година и трае до денот на носење на решението, а според тужителот наводниот прекршок траел до 23.09.2025 година како ден кога е склучен Договор за закуп со ДУ АВТО МОТО ИСПИТЕН ЦЕНТАР СУПЕР ВОЗАЧ БИТОЛА. Тужителот наведе и дека туженият орган го прекршил членот 44 во врска со член 48 од Законот за прекршоците, бидејќи на тужителот не му понудил постапка за порамнување и можност изречената глоба да ја плати во износ помал за 50%.

Туженият орган во одговор на тужбата остана при своето решение од причините наведени во образложението на истото и предложи тужбата да се одбие како неоснована.

Судот го достави, одговорот на тужба до полномошникот на тужителот на меѓутоа истиот писмено не се произнесе.

Јавната расправа закажана за 13.10.2026 година се одржа во присуство на полномошникот на тужителот и овластени претставници на туженият орган, согласно членот 40 од Законот за управните спорови.

На одржаната јавна расправа, полномошникот на тужителот, истакна дека останува во целост кон тужбата и тужбеното барање. Особено го потецира и наводот кој самиот суд при реферирањето го издвоил, а тоа се немање на пасивна легитимација, погрешно утврдениот географски пазар, погрешно утврдено времетраење на наводната повреда, лишување на правото на усна јавна расправа кое нешто Управниот суд го има санкционирано во пресуди каде тужен орган е исто санкциониран и тоа предметите УПР бр. 4042/12 и 4074/12. Воедно истакна дека оваа постапка е поведена по предлог на АМ ДООЕЛ Битола а со оглед на известување на СВР Битола за постоење на 4 други одобренија за исполнетост на услови за автосообраќаен полигон нејасно е зошто не се поведени постапки и против другите носители на овие одобренија туку само против сега тужителот а се однесуваат на исто подрчје, и конечно му укажа на судот дека членот 244 став 1 алинеја 4 и став 2 алинеја 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на

патиштата со кој се предвидувал услов за сообраќаен полигон да се има во сопственост или под закуп е избришан на ден 19.03.2026 година со донесување на измените на овој закон, па од тука бара од судот во духот на прекршочната и кривичната постапка доколку најде деке постои повреда врз сторителот да го примени поблагиот закон од причина што истото е релавантно за утврдување и одмерување и на евентуалната глоба во овој случај.

На одржаната јавна расправа претставникот на туженият орган, наведе дека останува на ставот дека оспореното решение е правилно и законито и дека истото е донесено врз целосно утврдена фактичка состојба и правилна примена на Закон за заштита на конкуренција. Во однос на самата одговорност на тужителот истиот се повикува на тоа дека не е сопственик на полигонот но притоа го занемарува фактот дека претходно тој имал потпишано договор со самиот подносител на барањето а дополнително одобрението создадено од МВР е на име на самиот тужител. Во однос на релевантниот географски пазар тужителот се повикува на некоја административна надлежност на СВР Битола и на постоење на други полигони во тој регион но административната надлежност не е иста што е на релевантниот пазар. Согласно член 6 од Правилникот за спроведување на возачките испити, пријавувањето на кандидатите е поврзано со нивното место за живеење или пријавено престојувалиште и со подрачјето што го опфаќа испитниот центар . Самото постоење на други полигони како што сака да наметне тужителот ме занчи дека тие се рално и достапна замена на корисниците во Ресен. Во однос на времетраењето на повредата фактот дека тужителот подоцна склучил договор со друго правно лице, исто така не значи дека престанало одбивањето на склучи договор со подносителот на барањето. Во однос на останатите прашања како што се правото за усна расправа релевантниот географски пазар истите детално се елаборирани во одговор на тужба. Од сите наведени причини предложи судот да ја одбие тужбата како неоснована и да го потврди решението како правилно и законито.

Во завршни зборови полномошникот на тужителот побара од судот да го поништи во целот решенето донесено од страна на туженият орган и предметот да го врати на повторно одлучување или да одлучи мериторно на начин на кој ќе утврди дека тужеителот не сторил прекршок и следствено ќе го ослободи од глобата која му е изречена од причини кои детално се образложени во тужбата и на расправата бидејќи во конкретниот предмет јасно произлегува дека тужителот немал сторено прекршок за кое е донесено решението и од тука не заслужува да биде казнет. Трошоци предјави со писмен трошковник.

Во завршни зборови претставникот на туженият орган остана кон истакнатите наводи и одговорот на тужба, само во однос на измените на Законот за безбедност во сообраќајот истакна дека судот треба да ја има предвид положбата на другата странка, подносителот на барањето кој што во тој период ги трпел последиците и штетата од одбивањето да се случи таков договор. Предложи тужбата да се одбие како неоснована и да се потврди решението.

Во доказна постапка, Судот на јавната расправа ги изведе следните докази: Тужба, оспорено решение ПП.бр.09-5/2 од 12.02.2026 година, Договор за закуп бр.03-7/1 од 23.07.2024 година, Одобрение на МВР Оддел за граѓански работи бр.12.1.5/2814/2 од 04.11.2020 година, Имотен лист бр.2895 за КО Ресен, Имотен лист бр.56015 за КО Ресен, Барање за поведување прекршочна постапка ПП бр. 09- 57/ 1 од 07.03.2025 година; Заклучок за прибавување на податоци и документи ПП бр.09- 57/ 2 од 04.04.2025 година и пропратно писмо ПП бр.09-57/3 од 07.04.2025 година; Заклучок за прибавување податоци и документи ПП бр.09- 57/4 од 04.04.2025 година и пропратно писмо ПП бр.09-57/ 5 од 07.04.2025 година; Допис ПП бр.09-57/ 6 од 08.04.2025 година; Допис ПП бр.09-57/7 од 09.04.2025 година; Допис ПП бр.09- 57/ 8 од 11.04.2025 година; Допис ПП

бр.09- 57/ 9 од 15.04.2025 година; Допис ПП бр.09- 57/ 10 од 15.04.2025 година; Допис ПП бр.09- 57/ 11 од 15.04.2025 година; Заклучок за поведување на прекршочна постапка П П бр.09- 57/ 12 од 17.04.2025 година со пропратни писма ПП бр.09- 57/ 13 и П П бр.09- 57/ 14 од 17.04.2025 година; Допис П П бр.09- 57/ 15 од 23.04.2025 година; Допис П П бр.09-57/ 16 од 29.04.2025; Допис П П бр.09- 57/ 17 од 30.04.2025 година; Допис П П бр.09- 57/ 18 од 06.05.2025 година; Допис П П бр.09- 57/ 19 од 13.05.2025 година; Допис П П бр.09- 57/ 20 од 13.05.2025 година; Прелиминарно известување за утврдена фактичка П П бр. 09- 57/ 21 од 23.05.2025 година со пропратни писма П П бр.09- 57/ 22 и П П бр. 09-57/ 23 од 30.05.2025 година; Допис ПП бр.09- 57/ 24 од 18.06.2025 година; Допис П П бр.09- 57/ 25 од 01.07.2025 година; Допис наш П П бр.09- 57/ 26 од 08.07.2025 година; Допис П П бр. 09- 57/ 27 од 15.07.2025 година; Конечно известување за утврдена фактичка состојба од 22.07.2025 година П П бр. 09- 57/28 со пропратни писма П П бр. 09-57/ 29 и П П бр. 09- 57/ 30 од 22.07.2025 година; Допис П П бр. 09- 57/ 31 од 23.07.2025 година; Допис П П бр. 09- 57/ 32 од 05.08.2025 година; Допис П П бр. 09- 57/ 33 од 22.10.2025 година; Допис П П бр. 09-57/ 34 од 28.10.2025 година; Допис ПП бр.09-57/35 од 13.11.2025 година; Допис П П бр.09- 57/ 36 од 14.11.2025 година; Допис П П бр. 09-57/ 37 од 24.11.2025 година; Допис П П бр.09- 57/ 38 од 28.11.2025 година; Допис П П бр. 09- 5/ 1 од 05.01.2026 година; Решение П П бр. 09-5/ 2 од 12.02.2026 година со пропратно писмо П П бр. 09-5/ 3,4 од 12.02.2026 година, Пресуда Jussila v. Finland, Апл. Бр. 73053/01 од 23.11.2006 година на Европски суд за човекови права и Пресуда Dory v. Sweden Апл. Бр. 28394/95 од 12.02.2003 година на Европски суд за човекови права и одговор на тужба бр.09-5/5 од 27.03.2026 година.

Судот постапувајќи по тужбата на тужителот, врз основа на наводите и доказите од тужбата, списите приложени од страна на туженият орган, како и наводите на присутните странки на јавната расправа, а врз основа на изведените докази, најде дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Од списите во предметот произлегува дека од страна на Друштво за услуги Сообраќаен испитен центар АМ ДООЕЛ Битола, на ден 07.03.2025 година до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата,е доставено барање за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-57/1, против Друштво за обука на кандидати за возачи Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи - Ресен, заради утврдување на евентуален прекршок по член 59 став 1, точка 2, а во врска со член 11 став 1 и став 2 точка 6 од Законот за заштита на конкуренцијата. Во Барањето е наведено дека користејќи ја својата доминантна позиција на релевантниот пазар не му овозможил на подносителот да склучи договор за закуп на сообраќаен полигон во Ресен и со тоа му оневозможува пристап до инфраструктурен објект со што на подносителот на барањето му се оневоможува да дејствува како конкурент на пазарот. Имено во Барањето се наведува дека пријавениот има доминантна позиција на пазарот како сопственик на инфраструктурен објект - сообраќаен полигон, кој е нужен заради обавување на дејноста на подносителот на пријавата, при што во два наврати не му потпишувал договор за закуп на автодром(полигон) со што со ваквото дејствие свесно му нанесува штета на подносителот на пријавата.

Постапувајќи по Барањето за поведување на прекршочна постапка, Комисијата за одлучување по прекршок со Заклучоци ПП.бр.09-57/2 и 09-57/4 од 04.04.2025 година ги задолжила Друштво за услуги Сообраќаен испитен центар АМ ДООЕЛ Битола и Друштво за обука на кандидати за возачи Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи – Ресен да достават податоци и документи. По доставените докази, податоци и документи од Друштво за услуги Сообраќаен испитен центар АМ ДООЕЛ Битола, на ден 17.04.2025 година, Комисијата за одлучување по прекршок донела заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-57/12 против сега тужителот Друштво за обука на кандидати за возачи Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи – Ресен, при што со

заклучокот бил задолжен да достави податоци, како и дека согласно член 43 став 1 треба да преземе обврска со која би се надминало нарушувањето на конкуренцијата предизвикано со дејствија или пропуштање на дејствија и во најтен рок да потпише договор за закуп на полигон со АМ ДООЕЛ Битола. Комсијата за одлучување по прекршок со допис бр.09-57/6 се обратила и до СВР Битола, од каде со допис рег.бр.12.1.5/1257/2-2025 од 10.04.2025 година е доставен одговор каде е наведено дека на подрачјето на СВР Битола се издадени 4 одобренија за исполнетост на услови за автосообраќаен полигон и тоа: Битола, издадено едно одобрение - на општина Битола, Прилеп издадени 2 одобренија – на лицето Златко Тошевски и на Здружение на Авто школи на Град Прилеп и Ресен издадено едно одобрение - на Друштво за обука на кандидати за возачи Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи - Ресен. Друштво за обука на кандидати за возачи Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи - Ресен со допис бр.09-57/17 од 30.04.2025 година до Комисијата за одлучување по прекршок доставила одговор на заклучокот каде е наведено дека договор за закуп од страна на Друштво за обука на кандидати за возачи Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи - Ресен не е потпишан со АМ ДООЕЛ Битола од причина што автодромот за обука на кандидати за возачи и спроведување на прв практичен дел од возачки испит на ул. Корчуланска бр.74 во Ресен, чиј сопственик видно од ИЛ 56015 е Здружение на возачи – Ресен од Ресен, кое е посебно правно лице така што Друштвото за обука на кандидати за возачи Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи - Ресен немал законска можност да склучи таков договор. Исто така било наведено дека договорот содржел неточни податоци за недвижноста односно бил цитиран погрешен Имотен лист, кој се однесувал на земјиште под зграда на место на предметната недвижност и истата е опишана според претходна правна состојба која веќе не е актуелна, односно истиот содржи податоци за хипотекарен товар врз недвижност која веќе не постои.

По спроведена постапка и по прибавување и оценка на релевантните докази, имајќи го предвид целокупниот тек на постапката и изјаснувањето на странките Комисијата утврдила дека релевантниот пазар на производ во конкретниот случај е пазарот на услуги за користење на сообраќаен автодром (полигон) за полагање на практичниот дел од возачки испит, како нужна инфраструктурна услуга за спроведување на дејноста – полагање возачки испити. Овој пазар е дефиниран врз основа на економската и функционалната специфичност на услугата, бидејќи полагањето на практичниот дел од возачкиот испит е невозможно без пристап до соодветно одобрен полигон што го прави користењето на автодромот есенцијална и незаменлива услуга за секоја автошкола (essential facility). Релевантниот географски пазар е ограничен на територијата на општина Ресен имајќи предвид дека согласно важечките прописи и дописот од СВР Битола (рег.бр.12.1.5/ 1257/2-2025 од 10.04.2025 година на подрачјето на СВР Битола се издадени вкупно четири одобренија за исполнетост на услови за автосообраќаен полигон, при што на територијата на општина Ресен издадено е само едно одобрение на Друштвото за обука на кандидати за возачи Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи – Ресен. Ова значело дека кандидатите за возачи пркатичниот дел од испитот можат да го полагаат единствено на полигон кој има одобрение за работа за таа територија, при што користењето полигон во друга општина не претставува реална, правна ниту економска алтернатива. Со други зборови постои структурна ограниченост и географска концентрација која создава ситуација на единствен доставувач на оваа услуга на локално ниво што го прави релевантниот пазар строго ограничен и од економска и од правна перспектива. На така утврдениот релевантен и географски пазар Комисијата за одлучување по прекршок утврдила дека Друштвото за обука на кандидати за возачи Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи – Ресен е единствено претпријатие кое располага со одобрение за исполнетост на услови за сообраќаен автодром на територијата на град Ресен, со што истото има пазарен удел од 100% на релевантниот пазар. Согласно воспоставената пракса пазарен удел од 100% претставува силна индикација за постоење на доминантна положба, при што претпријатието е во можност да дејствува

независно од своите конкуренти и да ја злоупотреби истата. Понатаму, Комисијата оценила дека сообраќајниот автодром (полигон) претставува инфраструктурен објект од суштинско значење (essential facility) за вршење на дејноста - спроведување на практичен дел од возачки испит, бидејќи без пристап до истиот ниту едно претпријатие не може реално да настапува на релевантниот пазар. Комисијата утврдила дека инфраструктурниот објект е неопходен за дејствување на пазарот, не постои реална или потенцијална алтернатива, изградбата на нов полигон не е економски ниту правно изводливо во разумен рок, одбивањето на пристап води кон целосно исклучување на конкуренцијата. При утврдувањето на фактичката состојба Комисијата ги земала предвид наводите на тужителот дека договорот за закуп доставен од страна на подносителот содржел неточни податоци за недвижноста, при што бил погрешное цитиран имотен лист кој се однесувал за земјиште под зграда на место на предметната недвижност и бил опишан според претходна правна состојба која веќе не е актуелна, вклучувајќи податоци за хипотекарен товар врз недвижност која веќе не постои. По разгледување на доставените податоци и документи како и на податоците прибавени по службена должност од Агенцијата за катастар на недвижности, Комисијата утврдила дека носител на запишано право на сопственост на нова КП бр.6347(стара КП бр.4492/2), запишана во Имотен лист бр.2895, е Друштвото за обука на кандидати за возачи „Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи – Ресен." Дополнително, од извршениот увид во службената евиденција на Агенцијата за катастар на недвижности Комисијата потврдила дека КП 6347/1 КО Ресен на која се наоѓа спорниот полигон е стекната врз основа на решение а приватизација на градежно земјиште без платен надоместок заведено под У.бр.19-3 од 25.01.2006 година донесено од Министерство за финансии - Управа за имотно- правни работи – Ресен и приватизирана на правното лице Друштво за обука на возачи и услуги Автошкола ДООЕЛ Ресен. Оттука, согласно доставената и службено прибавената документација, земјиштето законски и недвосмислено е во сопственост на Друштво за обука на возачи и услуги Автошкола Здружение на возачи Ресен ДООЕЛ. Ова го потврдувало и правниот статус на правното лице како единствен носител на правото на користење на полигон за спроведување практичен дел од возачки испит, што впрочем е потврдено и од страна на Министерството за внатрешни работи – Оддел за граѓански работи, Сектор за управно - надзорни работи, Отсек за управни работи Битола со одобрение бр.12.1.5/2814/2 од 24.11.2020 година. Дополнително согласно воспоставената пракса на Европскиот суд на правдата во правото на конкуренција не е одлучувачко кој е сопственик туку кој има фактичка и правна контрола и можност да одлучува за пристапот до инфраструктурата, а во конкретниот случај тоа е Друштво за обука на возачи и услуги АВТО ШКОЛА Здружение на возачи Ресен ДООЕЛ врз основа на одобрението бр.12.1.5/2814/2 од 24.11.2020 година. Ако тој реално немал правна можност да го дава полигонот на користење во тој случај договор со подносителот немало ни да постои ниту до 2024 година или би бил ништовен или би бил оспорен. Во насока на тој факт е и што сторителот на прекршокот никогаш не ја истакнал сопственоста како пречка како и дека одобрението за исполнетост на услови за полигон е персонално, врзано за носителот и само тој може да го стави полигонот во функција на пазарот што значело дека без сторителот на прекршокот-полигонот не постои како пазарна инфраструктура.Туженият орган оценил дека во правото на конкуренција важи принципот дека злоупотребата на доминантна положба не е врзана за правото на сопственост туку за фактичката и правна контрола врз средството (infrastructure/facility). Овој принцип бил јасно утврден во праксата на Европскиот суд на правдата што е видно и од случаите Commercial solvents vs Commision, Sea Containers vs Stena Sealink и United Brands vs Commission.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Комисијата за одлучување по прекршок го донела сега оспореното решение бр.09-5/2 од 12.02.2026 година со кое се утврдува дека тужителот – Друштво за обука на кандидати за возачи Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи – Ресен, во периодот од 27.01.2025 година до денот на донесувањето на решението, како претпријатие со доминантна полжба на

релевантниот пазар, неоправдано и без објективна причина одбива да склучи договор за закуп и користење на сообраќаен автодром (полигон), со правното лице Друштво за услуги Сообраќаен испитен центар АМ ДООЕЛ Битола со што на подносителот му е оневозможен пристап до инфраструктурен објект од суштинско значење за вршење на дејноста и му е оневозможено да дејствува како конкурент на релевантниот пазар и со тоа сторило злоупотреба на доминантна положба спротивно на член 11 став 1 и став 2 точка 6, а казниво по член 59 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Незадоволен од вака донесеното решение бр.09-5/2 од 12.02.2026 година, на Комисија за заштита на конкуренцијата-Комисија за одлучување по прекршок, останал сега тужителот кој го поведе предметниот управен спор.

Судот наоѓа дека туженият орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 35 став 1 од Законот за управните спорови ("Службен весник на РМ" бр.96/19), законитоста на оспорениот управен акт, судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но при тоа не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 11 став 1 и 2 точка 6 од Законот за заштита на конкуренција („Службен весник на РМ" бр.145/10.....16/25), Забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел.Злоупотребата од ставот (1) на овој член особено постои во случај на: неоправдано одбивање да му се овозможи пристап во сопствената мрежа или други инфраструктурни објекти на друго претпријатие за соодветен надоместок, доколку без ваквото истовремено користење, другото претпријатие, заради правни или фактички причини ќе биде оневозможено да дејствува како конкурент на определен релевантен пазар.

Согласно член 48 став 1 и 2 од Законот за прекршоците, постапка на спогодување може да се води за прекршоци од областа на даноците, царините, јавните набавки, јавните финансии и јавниот долг, конкуренцијата, енергетиката, трговија со забранети и/или ограничени за употреба стоки за употреба, заштита на здравјето на луѓето, заштита на природни богатства, животната средина, заштита на културното наследство, заштита од природни и други непогоди, електронски комуникации или за прекршоци сторени од користољубие.(2) За прекршоци кога е тоа определено со закон, органот што е надлежен за поведување на прекршочна постапка, ќе изготви записник за констатиран прекршок и во истиот ќе му предложи на сторителот на прекршокот постапка на спогодување и постигнување согласност со кој сторителот на прекршокот ќе ја плати договорената глоба и другите давачки утврдени со закон, ќе ги отстрани последиците на прекршокот или ќе исполни некоја обврска предвидена со закон.

Согласно член 59 став 1 од Законот за заштита на конкуренција, Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако: 1) склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од овој закон; 2) стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од овој закон; 3) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 51 од овој закон; 4) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 52 од овој закон.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение Судот наоѓа дека истиот е правилно и законито.

Во конкретниот случај, од увидот кон списите во предметот, Судот констатира дека туженият орган врз основа на целосна фактичка и правна анализа на поднесеното Барање за поведување на прекршочна постапка и доставените докази, правилно утврдил дека АМ ДООЕЛ Битола и Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи – Ресен, на ден 27.01.2015 година склучиле договор за закуп на простор - полигон за практично оспособување и полагање на прв дел од практичниот испит на кандидати за возачи бр.03-26/1 од 26.01.2015 година (арх.бр. на АМ Битола) склучен за времетраење од 10 години. Иако АМ ДООЕЛ Битола на неколку наврати барал од Автошкола ДООЕЛ Здружение на возачи-Ресен продолжување на истиот односно склучување на нов договор, договор меѓу нив после 27.01.2025 година до денот на носење на оспореното решение сеуште не бил склучен. Прекршокот започнал 27.01.2025 година и сеуште траел на денот на донесувањето на решението, односно прекршокот трале 12 месеци. Согласно наведеното Комисијата за одлучување по прекршоци при одмерувањето на глобата ја утврдил висината на вкупните приходи кои тужителот ги остварил во 2024 година, како последна деловна година за која истиот има составено годишна сметка и истите биле во износ од 15.504.679,00 денари. Притоа имајќи ги предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, туженият орган правилно утврдил износ на глоба од 750.000,00 денари кој претставува 4.83% од вредноста на вкупниот годишен приход на тужителот остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатието има составено годишна сметка.

Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот изнесени во тужбата дека туженият орган сторил суштествена повреда на постапката со недавање можност на тужителот да се одржи усна расправа, но ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Наведеното од причини што во конкрениот случај на тужителот му бил доставен заклучок за поведување на прекршочна постапка, прелиминарно известување за утврдената фактичка состојба, како и конечно известување за утврдената фактичка состојба, по кои тужителот доставил писмени изјаснувања, забелешки и поднесоци кои Комисијата за одлучување по прекршок ги разгледала и оценила при донесувањето на решението со што во текот на постапката на тужителот му било овозможено целосно остварување на правото на изјаснување согласно член 9 и 11 од Законот за општата управна постапка.

По однос на наводите на тужителот дека истиот нема пасивна легитимација во конкретниот спор од причини што не е сопственик на предметниот сообраќаен полигон, Судот цени дека туженият орган правилно утврдил дека во постапките за утврдување на повреда на конкуренцијата пасивната легитимација не се определува врз основа на правото на сопственост врз одреден имот туку врз основа на тоа кое претпријатие го врши дејствието што претставува ограничување на конкуренцијата и кое има фактичка и правна можност да влијае врз пристапот на релевантниот пазар, па оттука независно од тоа што како сопственик на земјиштето е евидентиран Здружение на возачи – Ресен како посебен правен субјект, тужителот е претпријатието кое има фактичка и правна контрола врз пристапот до предметниот полигон и кое со своето однесување го извршило дејствието на неоправдано одбивање на пристап.

Судот ги оцени како неосновани и наводите на тужителот дека погрешно бил утврден релевантниот географски пазар, од причини што туженият орган правилно утврдил дека релевантниот географски пазар е ограничен на подрачјето на општина Ресен имајќи предвид дека за тоа подрачје постои само еден одобрен сообраќаен автодром (полигон) за кој носител на одобрението е тужителот. Дополнително, согласно член 6 од Правилникот за спроведување на возачките испити, пријавувањето на

кандидатите е поврзано со нивното место за живеење или пријавено престојувалиште и со подрачјето што го опфаќа испитниот центар.

Во однос на тужбените наводи на тужителот дека времетраењето на прекршокот е погрешно утврдено, Судот цени дека во конкреиот случај прекршокот се состои во неоправдано одбивање на склучување на договор за закуп и користење на сообраќаен автодром (полигон) со подносителот на барањето кое претставува континуирано однесување што трае се додека постои одбивањето и не се овозможи пристап под разумни и недискриминаторски услови. Имено, фактот што тужителот на ден 23.09.2025 година склучил договор за закуп со друго правно лице, не значи дека престанало одбивањето во однос на подносителот на барањето, ниту пак дека е отстранета последицата од утврденото ограничување на конкуренцијата.

Исто така, Судот ги оцени како неосновани и наводите на тужителот дека сторил повреда на одредбите од член 44 во врска со член 48 од Законот за прекршоците бидејќи на тужителот не му понудил постапка за порамнување, од причини што имајќи ја предвид природата на утврдениот прекршок кој се состои во злоупотреба на доминантна положба како потешка повреда на правилата на конкуренцијата како и времетраењето и ефектите врз пазарот, туженият орган правилно оценил дека не се исполнети условите за примена на постапка за порамнување,имајќи предвид дека истата согласно Законот за прекршоците не претставува апсолутна обврска која се применува во секој случај на сторен прекршок.

По однос на барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, Судот одлучи барањето за надомест на трошоците да го одбие како неосновано, согласно одредбите од член 86 став 3 од Законот за управните спорови, според кој доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 од Законот за управни спорови(“Службен весник на РМ” бр.96/19).

Пресудено во Управен суд на 20.10.2026 година, под УПРК.бр.7/2026.

Записничар –судски советник
Ана Ѓорѓиевски

Претседател на совет - Судија
Ана Герасимовска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави на:
- тужителот, преку полномошник
- тужен орган

Претседател на совет-Судија
Ана Герасимовска